**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ ЗА ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ЗАФАТИТЕ НА ЗЛЕТОВСКА РЕКА, РЕКА КУЧЕШКА И АКУМУЛАЦИЈАТА КНЕЖЕВО**

Член 1

Во Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за подрачјето на зафатите на Злетовска река, река Кучешка и акумулацијата Кнежево („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/14), во член 11 став 1 алинеја 4 по зборовите: „ одржување на авто и мото трки“, се додаваат зборовите: „освен транспорт на шумски сортименти и саден материјал“.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Во поширокатa заштитна зона може да се спроведуваат мерки на одгледување, нега и обнова на шумите, пошумување на насадите за обнова на шумите и пошумување на голини за заштита од ерозија, од страна на ЈП Македонски шуми.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-3184/1
1 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.